Александар
АТАНАСОВСКИ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

# НАСТАВНО-НАУЧНИОТ ПРОФИЛ НА ПРОФ. Д-Р БРАНКО ПАНОВ

Името на Бранко Панов во македонската и пошироко во светската јавност се поврзува со онаа генерација историчари и научни работници кои дадоа евидентен придонес во етаблирањето и подемот на современата македонска медиевистика и воопшто во развојот на историографијата во Македонија. Тој е еден од основоположниците на проучување на византологијата како мошне значајна научна дисциплина во рамките на академското и интегралното претставување на историската наука на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Неговата универзитетска и научноистражувачка кариера започнува во далечната 1956 година како асистент по предметот Општа историја на средниот век. Непосредно по докторирањето во 1966 година, како ученик произлезен од школата на Стјепан Антолјак, е избран за доцент по предметот Историја на Византија, а почнувајќи од 1972 година е ангажиран и на предметот Историја на македонскиот народ – среден век.

Освен во наставата во рамките на додипломските студии, професорот Панов активно партиципира и во реализирањето на постдипломските студии на групата Историја на македонскиот народ од VI до крајот на XIV век, што, секако, кореспондира со секогаш актуелната амбиција за создавање сериозен профил на млади научни работници кои успешно ќе се справуваат со предизвиците на историската наука.

Професорската активност на Бранко Панов, поврзана со проблематиката на средновековната историја на македонскиот народ и пошироко со историјата на Византија, освен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се реализира и надвор од

Македонија, имено на универзитетите во Љубљана, Москва, Воронеж, Краков, Познањ, Варшава и Братислава.

Јасно поставените професионални принципи и етика во рамките на неговата активност како наставник и педагог, кој несебично ги споделува своите искуства и знаење, резултираат со високото републичко признание што му е доделено во 1992 година – наградата „Св. Климент Охридски“.

Напоредно со професорската дејност, Бранко Панов развива интензивна научноистражувачка активност заснована на истражувања кои се одвиваат во релевантни научни институции, архиви и библиотеки во Белград, Дубровник, Сплит, Задар, Виена, Венеција, Рим, Москва, Варшава и во Краков.

Евидентно е неговото партиципирање на голем број локални и меѓународни научни симпозиуми, конгреси, конференции и семинари. Во тој контекст, како посебно значајни ги издвојуваме настапите во Нитра (1969), Вториот балканолошки конгрес во Атина (1970), Третиот славистички конгрес во Салцбург и Регенсбург (1970), Светскиот конгрес на историчарите во Москва (1970), Меѓународниот научен собир во Краков (1989), како и континуираното учество на византолошките конгреси одржани во Охрид (1961), во Букурешт (1971), во Атина (1976), во Виена (1981), во Вашингтон (1986), во Москва (1991) и во Копенхаген (1996).

Проследувајќи ја богатата библиографија на Бранко Панов, која инкорпорира корпус од над 130 научни труда, недвосмислено се наметнува впечатокот дека тој пред пошироката научна јавност презентирал и научно аргументирал повеќе фундаментални прашања за македонската историографија. Тоа, пред сè, се однесува на проблематиката,поврзана со дејноста на светите Кирил и Методиј, со создавањето на првата словенска азбука, значењето на Брегалничката и на Моравската мисија, понатаму за дипломатските мисии меѓу Сарацените и Хазарите, како и книжевно-творечка активност. Уште повеќе што голем дел од неговите научни сознанија подоцна наоѓаат поткрепа со археолошките ископувања реализирани по должината на реката Брегалница.

Во контекст на перманентниот развој на словенската писменост Панов посебно се осврнува и на културно-просветната дејност на светите Климент и Наум Охридски, како есенцијални фигури во македонскиот и пошироко во балканскиот историо-

графски дискурс. Во фокусот на творечкиот опус значајно место зазема Охридската книжевна школа со статус на прв словенски универзитет, како и народносната мисија на Климент и Наум Охридски, кои воспоставиле активна и непосредна комуникација со македонското население, што резултира со јасно издиференцираниот култ кон светците, особено изразен во охридскиот крај.

Особено значајни се неговите потфати во етаблирање и реконструирање на проблематиката поврзана со етногенезата на македонскиот народ, со богомилството како специфична духовна појава, чии почетоци кореспондираат со територијата на југозападна Македонија, формирањето на феудалните односи во Македонија, создавањето на македонската средновековна држава, востанијата на македонскиот народ во периодот на византиското владеење, аграрната историја, црковната историја на македонскиот народ, како и историската реконструкција на македонските средновековни градови – Охрид, Штип, Струмица, Дебар и сл.

Тритомната *Историја на македонскиот народ* (1969), двотомните *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава* (1981) и повеќетомната *Историја на македонскиот народ*, каде што се јавува како уредник и коавтор на првиот том (2000), се само дел од широкиот дијапазон научни трудови во кои се третира горенаведената проблематика. Како автентичен научен труд секако треба да се спомене и публикацијата *Средновековна Македонија* (т. II и т. III, Скопје, 1985) во која освен Теофилакт Охридски, кој е интегрално разработен во својство на примарен извор, се проследени и движечките историски процеси за македонскиот народ, почнувајќи од доселувањето на Словените во Македонија, па сè до нејзиното потпаѓање под османлиска власт. Не помалку значајна е и монографијата *Македонија низ историјата* (1999), во која се третираат епохалните настани и појави од средновековието, како и прашања од историјата и културата на Македонија во периодот на XIX и на XX век.

За својот сестран ангажман и долгогодишен научен ентузијазам во функција на афирмација на македонската историска мисла, Бранко Панов е добитник на повеќе награди и признанија, пред сè од неговата матична установа во рамките на Филозофскиот факултет во Скопје, како и од релевантните научни институции чијашто примарна дејност е фокусирана на проучување на историјата во Македонија. Во таа смисла ќе ги спомeнеме наградата „13

Ноември“ за монографскиот труд *Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ* (1972), Орденот на трудот со златен венец“ (1978), престижната наградата „Гоце Делчев“ за публикацијата *Средновековна Македонија* (1986), и наградите „Кој е кој во светот“ (1997) и „2000 најистакнати личности на XX век“ (1998) од Интернационалниот библиографски институт во Кембриџ, чиешто доделување се заснова врз релевантни референтни вредности и исклучителни лични достигнувања на поединците.

* * *

Бранко Панов во својство на неуморен учител и еминентен научен работник беше присутен на наставно-научната сцена во Македонија и пошироко повеќе од четири децинии. Она што посебно треба да се истакне во оваа пригода секако е неговата бескомпромисна борба и далекусежна визија за создавање историографска стратегија и единство како приоритет за зачувување и негување на националните и традиционалните вредности на македонскиот народ.

## СПИСОК НА ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ НА ПРОФ. Д-Р БРАНКО ПАНОВ


1958

1. Смртта на Самоила. *Нова Македонија*, 15 декември 1958, 7.

1959

2. Црковно-просветните борби во Струмичко во XIX век. *Гласник на Институтот за национална историја*, III/2, Скопје 1959, 83-120.

1961

3. Активноста на една руска научна експедиција во Македонија во 1898 година. *Нова Македонија*, 10 септември 1961, 3.
4. Општествено-политичките прилики во Струмичката област од крајот на VI до почетокот на X век. *Гласник на Институтот за национална историја*, V/2, Скопје 1961, 201-243.

1963

5. *Карактерот на дејноста на браќата Кирил и Методиј во Македонија*. „Просветно дело“, 7-8, Скопје 1963, 375-388.
6. Орде Ивановсвки, Македонските Словени од VI до IX век. *Гласник на Институтот за национална историја*, VII/1, Скопје 1963, 280-283 (рецензија).

1965

7. Богомилското движење во Македонија. *Историја*, I/1, Скопје 1965, 50-57.

1967

8. Климент Охридски. *Историја*, III/1, Скопје 1967, 32-53.
9. М. Пандевски, Политичките партии и организации во Македонија (1908-1912), Скопје 1966. *Историја*, III/2, Скопје 1967, 171-173 (приказ).
10. С. Антољак, Помошни историски науки. Универзитет во Скопје, Скопје 1966. *Историја*, III/2, Скопје 1967, 171-173 (приказ).

1968

11. А. А. Сванидзе, Ремесло и ремесленики в средневековной Швеции (XIV-XV в.), Москва 1967. *Историја*, IV/2, Скопје 1968, 221-223 (приказ)
12. Николај М. Дурново за македонското прашање. *Историја*, IV/2, Скопје 1968, 77-89; *Разгледи* X/10, Скопје 1968, 1177-1190.
13. Општословенското дело на Кирил и Методиј. *Нова Македонија*, Скопје, 24 мај 1968.

1969

14. Британски документи за историјата на македонскиот народ. т. I (1797-1839). Под редакција на Х. Андонов-Полјански, Архив на Македонија, Скопје 1968, *Историја*, V/1, Скопје 1969, 253-255 (приказ).
15. Дејноста на Климент Охридски во Македонија. *Иселенички календар*, Скопје 1969, 46-52.
16. *Историја на македонскиот народ*, кн. I, Институт за национална историја, Скопје 1969, 95-98, 107-115, 143-175.
17. Македонија татковина на словенската писменост. *Нова Македонија*, Скопје 25 мај 1969.
18. Нови податоци за востанието на комитопулите во 969 година. (С. Антолјак, Miscelanea medievalia Jugoslavica. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на*

*Универзитетот во Скопје*, кн. 20, Скопје 1968; *Историја*, V/1, Скопје 1969, 269-271 (приказ).

19. Струмица за време на Балканските и Првата светска војна (со прилози 5 нови документи). *Историја*, V/1, Скопје 1969, 84-110.
20. Cyril a Metod v Macedonii. *Vydal uv SAKS*, Bratislava 1969, 7.

1970

21. Дејноста на Кирил и Методиј во Македонија. *Зборник Кирил Солунски,* I, МАНУ, Скопје 1970, 163-185.
22. Имунитетот и феудалната рента во Македонија во XI и XII век според писмата на Теофилакт Охридски. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*, кн. 22, Скопје 1970, 225-269.
23. L'activite de Theophilakt d'Ohride en Macédoine. Recueil d'articles scientiques *La Macedoine et les Macedoniens dans la passé*, ed. Institut de l histoire nationale - Skopje 1970, 45-60.
24. Меѓународна научна средба по повод 1000- годишнината од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава. *Историја*, VI/1, Скопје 1970, 269-273.
25. Опис на средновековните градови. *Историја*, VI/1, Скопје 1970, 213-218 (рецензија).
26. С. Антољак, Самоиловата држава. Скопје 1969, *Историја*, VI/1, Скопје 1970, 213-218 (рецензија).
27. „Славянский век" за Илинденското востание. *Зборник „Илинден 1903"*, Институт за национална историја, Скопје 1970, 331-336.

1971

28. Македонија од населувањето на Словените до паѓањето под турска власт, Организационен комитет на шаховските олимпијади 1972, 13-17 (на руски и на англиски јазик).
29. Струмичката област во време на Самоил. *Зборник „Илјада години востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава*", Скопје 1971, 149-170.
30. *Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ,* „Култура", Скопје 1971.

1972

31. I Santi Cirillo et Metodio e la loro attivita panslava. *Gloria a san Cirillo*. 24 maddio, Romna 1972, 7-14.

32. Во која област на Македонија бил кнез словенскиот просветител Методиј. *Гласник на Институтот за национална историја*, XVI/1, Скопје 1972, 125-135.
33. The Life and Work of Theophilactus of Ohrid. *Macedonian Review,* 1, Skopje 1972, 53-57.
34. За етногенезата на македонскиот народ. *Гласник на Институтот за национална историја*, XVI/3, Скопје 1972, 77-89.
35. В какой области Македоний был Мефодий князем. *Actes du II Congress International des Etudes du Sud-est Europeen,* t. II. Athenes 1972, 367-376.
36. Cyril and Methodius and their Pan-slavic Work. *Macedonian Review*, 2, Skopje 1972, 183-188.
37. Брегалничката мисија на Константин Филозоф-Кирил. *Историја*, VIII/1, Скопје 1972, 41-49.
38. Етногенезата на македонскиот народ. *Предавања на VIII семинар за македонски јазик, литература и култура*, Универзитет „Кирил и Методиј", Скопје 1972, 157-170.

1973

39. Краток осврт на остварувањето на историската наука во СР Македонија. *Историја*, IX/1, Скопје 1973, 179-187 (заедно со А. Стојановски, Р. Поплазаров и В. Ивановски).
40. Cyril and Methodius and their Pan-slavic Work. *Македонија*, илустрирано списание на Матицата на иселениците од Македонија, год. XX, бр. 241, Скопје 1973, 4-6.

1974

41. За етногенезата на македонскиот народ. *Иселенички календар*, Скопје 1974, 37- 41.

1975

42. *The historiography of Jugoslavia 1965-1975*. Belgrade 1975, 52-60.
43. *Oružane borbe makedonskog naroda od VI do XX veka*, Vojnoistoriski institut, Beograd 1975, 218-36, 50-54, 61-66.
44. Охрид во крајот на XI и почетокот на XII век во светлината на писмата на Теофилакт Охридски. *Зборник посветен на Димче Коцо*, Археолошкиот музеј на Македонија, VI-VII, Скопје 1975, 181-195.
45. Војните, востанијата и буржуаските револуции во средниот век одразени во делата на класиците на марксизмот-ленинизмот. *Историја*, XI/1, Скопје 1975, 121-126.

1976

46. Активноста на ВМРО непосредно по Илинденското востание одразена во виенското списание „Славянский век“. *Зборник посветен на Јане Сандански 1915-1975,* Институт за национална историја, Скопје 1976, 231-239.
47. Богомильское движение в Македоний на оснований писем Феофилакта Охридского. *Actes du XIV Congress International des Etudes byzantines*, III, Bucarest 1976, 721-729.

1977

48. Die Mission von Bregalnitza Konstantin der Philosophen- Kiril. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*, кн.3 (29), Скопје 1977, 107-117.
49. Теофилакт Охридски за музиката во Македонија во XI-XII век. *Македонска музика*, 2, Скопје 1977/78, 39-46.

1978

50. Охрид и Охридската област во првите векови по словенската колонизација. *Предавања на XI семинар за македонски јазик, литература и култура*, Универзитет „Кирил и Методиј“, Скопје 1978, 1-16.
51. Охрид и Охридската област во првите векови по словенската колонизација (VI-VII век). *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*, кн. 4 (30), 119-137.

1979

52. Од средновековното минато на градот Охрид (IX - почетокот на X век). *Предавања на XII семинар за македонски јазик, литература и култура,* Универзитет „Кирил и Методиј“, Скопје 1979, 1-14.
53. Ohrid and Ohrid region in the First Centuries after the Slav Colonisation. *Macedonian Review*, 3, Skopje 1979, 241-248.
54. Охрид и Охридската област во време на бугарското владеење (средина на IX - 969 г.). *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*, кн. 5-6 (31-32), Скопје 1979/80, 137-159.

1980

55. Охрид и Охридската област во време на византиското владеење (XI-XII век). *Предавања на XIII-от семинар за*

*македонски јазик, литература и култура*. Универзитет „Кирил и Методиј", Скопје 1980, 1-14.

56. Самуиловото царство. *Иселенички календар*, Матица на иселениците од Македонија, Скопје 1980, 164-167.
57. Активноста на Боро Џони меѓу младината на Струмица во периодот помеѓу двете светски војни. *Струмица и Струмичко во НОВ 1941-1943*. Општински одбор на Здружението на борците од НОБ - Струмица, Струмица 1980, 81-100.

1981

58. *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*, т. I. Универзитет „Кирил и Методиј", Скопје 1981, 19-80, 92-95, 97-114, 116-122, 125-132, 139-140, 155-157, 159-161, 446-447.
59. Toward the etnogenesis of the Macedonian people. *Macedoniene*, Institut d'histoire nationale, Skopje 1981, 34-47.
60. Городское самоуправление в Охриде в время Алексия I Комнина. *Actes du XV Congress International d'Etudes byzantines*, Athenes 1981.
61. *Историографија на Македонија 1965-1975*. Сојуз на друштвата на историчарите на СРМ, Скопје 1981, 9-26.
62. Градската самоуправа во Охрид кон крајот на XI и почетокот на XII век. *Историја*, XVII/2, Скопје 1981, 87-93.
63. За дејноста на Антон Панов во периодот меѓу двете светски војни. *Дојрански ракувања 1981*, Струмица 1981, 23-42.

1982

64. Кон некои прашања за богомилството во Македонија за време на Комнените. *Богомилството на Балканот во светлината на најновите истражувања*, Скопје 1982, 67-89.
65. Штип и Брегалничката област во средниот век (VI - крајот на XII век). *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*, кн. 8 (34), Скопје 1982, 39-85.

1983

66. Охрид и Охридската област од средината на X до крајот на XII век. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*, 1983, 65-110.
67. Марксизмот и современата византологија. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*, кн. 9 (35), Скопје 1983, 333-343.
68. Освободительное движение в Западной Македоний в конце XI века, отражение в писмах Феофилакта Охридского. *Akten*

*11/2 Jahrbuh der Ostereischen Byzantistik*, 32/2, Wien 1983, 195-205.

69. Марксизмот и современата византологија. *Историја*, XIX/2, Скопје 1983, 61-71.
70. Богомилското учење и движење. *Историја*, XIX/2, Скопје 1983, 137-167.

1984

71. Струмица и Струмичката област во средниот век (VI-XI век). *Acta Veljusa.* Филозофски факултет при Универзитетот „Кирил и Методиј“, Скопје 1984, 45-72.
72. Професор д-р Христо Андонов-Полјански – добитник на највисокото југословенско општествено признание наградата АВНОЈ за 1983 г. *Историја*, XX/1, Скопје 1984, 7-24.
73. Мисијата на Константин Филозоф меѓу Сарацените. *Историја*, XX/1, Скопје 1984, 245-251.
74. Професорот д-р Стјепан Антолјак (по повод 75-годишнината од раѓањето и 50-годишнината од научната дејност) / заедно со Стјепо Обад. *Историја*, XX/2, Скопје 1984, 13-27.
75. Охрид и Охридската област во XII и XIV век. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*, кн. 11 (37), Скопје 1984, 19-49.

1985

76. *Средновековна Македонија*, т. II, „Мисла“, Скопје 1985.
77. *Средновековна Македонија*. т. III, „Мисла“, Скопје 1985.
78. Охрид и Охридско во средниот век (VI-XIV век). *Охрид и Охридско низ историјата*, кн. I, дел IV и V, Институт за национална историја во Скопје, Скопје 1985, 175-268.
79. Потеклото и најраните години од животот и дејноста на Кирил и Методиј. *Културен живот*, XXX/6, Скопје 1985, 3-9.
80. 1100 години од смртта на македонскиот и сесловенски просветител Методиј. *Млад борец*, бр.1459, Скопје 1985, 13.
81. За потеклото и најраните години од животот и дејноста на Кирил и Методиј. *Историја*, XXI/2, Скопје 1985, 51-67.
82. Кон 1100-годишнината од смртта на македонскиот и сесловенскиот просветител Методиј. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*, кн. 12 (38), Скопје 1985, 33-41.

1986

83. Кон некои прашања за класната и ослободителната борба во Македонија во првите векови од османлиското владеење (XV-

XVII век). *Стопанските, социјалните и етничките промени на територијата на Југославија и Чехословачка од средината на XVI до средината на XVIII век*, Институт за национална историја, Скопје 1986, 53-61.

84. 1100 години од доаѓањето на Климент во Охрид и формирањето на Охридската школа за словенска писменост и култура. *Просветен работник*, 15 април, Скопје 1986.
85. Грижа на пастирот за своето папство (1100 години од доаѓањето на Климент во Охрид). *Нова Македонија*, Скопје, 12 април 1986.
86. Развојот на словенската писменост во Македонија до средината на IX век. *Историја*, XXII/2, Скопје 1986.
87. Седумнаесетти меѓународен византолошки конгрес. *Историја*, XXII/2, Скопје 1986, 405-407.
88. Охрид во епохата на Климент и Наум. Во кн.: *Климент Охридски. Студии,* Скопје 1986, 183-203.
89. Николај Н. Дурново за македонското прашање. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*, 13 (39), Скопје 1986, 196-209.
90. Штип и брегалничката област од VI до XII век. *Штип низ вековите*, кн. I. Штип 1986, 135-174.
91. 1100 години од доаѓањето на Климент во Охрид. *Македонски весник*, г. II/5, Сиднеј (Австралија), 15-30 мај 1986, 9.
92. Климент Охридски и неговото сесловенско дело. *Историја*, XXII/1, Скопје 1986, 7-28.
93. Брегалничката мисиија на Константин Филозоф - Кирил и создавањето на словенската азбука. *XII научна дискусија*, Семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 1986, 75-90.

1987

94. За престојот на Кирил и Методиј во малоазиската планина Олимп. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*, кн. 14, (40) Скопје 1987, 111-115.
95. Климент Охридски и неговото сесловенско дело. РТВ Сараево, јуни 1987.

1988

95. Кон преродбенското движење во струмичко-дојранскиот регион. *Дојрански ракувања*, Гевгелија 1988, 49-60.
96. За Методиевото словенско кнежество и создавањето на „Закон судны людем“. *Зборник „Кирило-методиевскиот*

*старословенскиот период и Кирило-методиевската традиција во Македонија“*, МАНУ, Скопје 1988, 289-303.

1989

97. Мисионерската дејност на Климент Охридски во Македонија. *Зборник „Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа во развојот на словенската просвета“*, МАНУ, Скопје 1989, 299-323.
98. *Струмица за време на Балканските и Првата светска војна*, зборник на трудови. Музеј на Струмица, Струмица 1989, 239-265.
99. Кон некои прашања за почетоците на словенската писменост (VI-IX век). *Obdobja*, 10, izd. Univerza Edvarda Kardelja v Ljubljani, Znanstveni institut Filozofske fakultete. Ljubljana 1989, 313-328.
100. Света гора и развојот на културата во Долнореканскиот крај. *Гласник на Институтот за национална историја*, XXX/1, Скопје 1989, 53-63.

1990

101. Цар Самуил. *Нова Македонија*, Скопје, октомври 1990.

1991

102. Кон историјата на древните Македонци. *Нова Македонија*, Скопје, 14. август 1991.
103. Македонските градови во XI-XII век. *Историја*, XXIV-XXV/1-4, Скопје 1991, 27-36.
104. The Centre of the Powerful World Kingdom. *Macedonian Review*, XXI/ 3, Skopje, 1991, 121-126.
105. О феодалъной аристократий в Македоний во время византийского государства (XI-XII вв.). *Международний конгес византинистов*, резюме, сообщения, Москва, 1991, 856-857.

1992

106. Политиката на Византија спрема Македонските Словени одразена во дејноста на Кирил и Методиј. *Прилози*, XXIII/1, МАНУ, Скопје 1992.
107. Македония во время Косовской битви. *600 lecie bitwy na Kosowym polu*, pod red. K. Backowskiego, Nakladam Univerzytetu Jagiellonskiego, Krakow 1992, 87-98.
108. *Историја* за I клас на природно-математичката гимназија и правна струка. „Просветно дело“, Скопје 1992 (заедно со С. Младеновски и С. Наумоски).

109. *Историја* за VI одделение. „Просветно дело“, Скопје 1992.
110. *Историја* за II клас гимназија (општа и јазична). „Просветно дело“, Скопје 1992.
111. *Historia* per klasem VI, „Prosvetno delo“, Skopje 1992.
112. *Tarih* sinif 6. „Prosvetno delo“, Skopje 1992.
113. Одразот на Косовската битка во Македонија. *Историја,* XXVIII/1-2, Скопје 1992, 43-54.

1993

114. Кон некои прашања за личноста и дејноста на Јован Кукузел. *Македонски фолклор*, XXVI/52, Скопје 1993, 87-97.
115. *Историска читанка* за 6 одделение. „Просветно дело“, Скопје
116. Мисионерската дејност на Климент Охридски во Македонија. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“*, кн. 20 (46). Скопје 1993, 5-30.
117. Македонија од доселувањето на Словените до османлиското завојување. *Македонија и односите со Грција*, МАНУ, Скопје 1993, 15-21.

1994

118. Мисијата на св. Климент Охридски во Македонија. *Предавања на XXVI Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. Скопје 1994, 125-148.

1995

119. Албанците од V-XVI век. *Прилози за наставата по историја во основното и средното образование*, 3. Педагошки завод на Македонија. Скопје 1995, 36-113.
120. *Tarih* okuma kitdabi sinif VI. „Prosvetno delo“. Skopje 1995.
121. Богомилството во Македонија. *Содржински и методолошки прашања во истражувањето на историјата на културата на Македонија*, кн. 1, МАНУ, Скопје 1995, 83-95.
122. Создавање и развој на македонската средновековна држава. *Предавања од XXVII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 1995, 137-152.

1996

123. Светите Кирил и Методиј и нивното македонско и сесловенско дело. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет* на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 1996, 181-191.

124. Етногенезата на македонскиот народ. *Етнологија на Македонците*, МАНУ, Скопје 1996, 15-20.
125. *Historia* për vitim II gjimnar (të përgjithëm dhe gjuhësor). „Prosvetno delo", Skopje 1996.
126. Theophylactes of Ohrid and Alexius I Comnenus – Byzantium Identity, Image, Influence, *abstracts XIX International Congress of Byzantine Studies,* Copenhagen, 18-24 August, 1996, p. 6223.

1998

127. Богомилството во Македонија. *Предавања од XXX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура.* Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје 1998, 160-176.

1999

128. *Македонија низ историјата*. „Менора", Скопје 1999.
129. *Климентовиот универзитет во Охрид - македонско и сесловенско културно-просветно средиште*. „Просветно дело", г. LII/3, Скопје 1999, 3-11.

2000

131. *Историја на македонскиот народ. Од праисториско време до паѓањето на Македонија под турска власт,* т. 1 (редактор и коавтор), ИНИ, Скопје 2000.
132. *Светителите на Македонија: Кирил и Методиј, Климент и Наум Охридски*, „Матица Македонска" (во печат).